# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 20. 11..2017 год.<br>Скопје<br>Број 20 год. XII | Претплатата за 2017 год.<br>изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


ноември, 2017 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Јавен повик ........................................................................................ 1
- Решение .............................................................................................. 2

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Република Македонија
**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
СКОПЈЕ

Архивски бр. 09-4727/1
Датум: 16-11-2017

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје распишува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за доставување иницијативи за изработка на урбанистички планови**

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16).

**Јавниот повик ќе трае од 20.11.2017 до 20.12.2017 година или 30 дена, сметано од објавувањето во дневниот весник „Слободен печат“.**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да доставаат иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување на иницијативи.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Центар-Скопје, www.opstinacentar.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Центар - Скопје“ и во дневниот весник „Слободен печат“.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар - Скопје**
**Саша Богдановиќ**

ул. "Михаил Цоков" 6б,
1000 Скопје
тел:+389 2 3203 600
факс:+389 2 3211 069
е-пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М" бр. 05/2002) и чл. 42 став 1 од Статутот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје („Службен Гласник на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се определува Васко Кичевски, член на Советот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје ДА ГО ЗАМЕНУВА Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во случај на спреченост или негово отсуство.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Решението ќе се објави во „Службен гласник на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје".

Број 09-4771/1
17-11-2017
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
Саша Богдановиќ